СКМ-ЗП-РУ-10/02

# LINKUP BUSINESS:
# JAPAN-NORTH MACEDONIA

**WEDNESDAY, MARCH 11, 2026**
**VENUE: HOTEL HOLIDAY INN**

**LANGUAGE: ENGLISH**

## LINKUP БИЗНИС: ЈАПОНИЈА – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДАТУМ:** 11 март 2026, среда
**МЕСТО:** Хотел *“Holiday Inn”* Скопје
**РАБОТЕН ЈАЗИК:** Англиски
**РЕГИСТРАЦИЈА**: најдоцна до 7 март 2026

---

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со амбасадата на Јапонија со задоволство Ве поканува на **настан за вмрежување** со цел поврзување и размена меѓу **јапонски и македонски компании**.

---

## I | Презентација на јапонски компании

- **Mitsubishi Corporation** – Трговија и инвестиции
- **Takeda Pharmaceutical** – Фармацевтска индустрија
- **ITOCHU Corporation** – Глобална трговија и инвестиции
- **Hitachi Energy** – Енергетски системи и инфраструктура
- **Marubeni Corporation** – Инфраструктура, трговија и инвестиции
- **Nidec Mobility Corporation** – Е-мобилност и автомобилска индустрија

---

## II | Успешни приказни: Бизнис соработка со Јапонија

- **Hi-Tech Corporation** – Производство на висококвалитетни решенија за електронски печатени плочки (PCB)
- **TERMALIFT** – Решенија за манипулација со материјали
- **JETRO** – Јапонска организација за надворешна трговија

---

## III | Вмрежување

# Профил на јапонски компании

**Mitsubishi Corporation** ќе презентира широко портфолио со цел идентификување на соодветни сектори и потенцијални бизнис можности, со посебен фокус на секторот на мобилност и инфраструктурните проекти.

**Hitachi Energy** е глобален лидер во областа на електроенергетските мрежи и енергетски системи. Компанијата нуди технологии и решенија за инфраструктура на мрежи, интеграција на обновливи извори на енергија, складирање енергија, автоматизација на мрежи, квалитет на електрична енергија и поврзани дигитални технологии, со искуство во различни енергетски системи ширум светот.

**Nidec Mobility Corporation** е јапонска компанија за автомобилска електроника, специјализирана за електрични компоненти, сензори и контролни системи за модерни возила. Компанијата се шири низ Европа со силен фокус на е-мобилноста и ја гледа Северна Македонија како перспективен партнер во воведувањето електрични возила и одржлив транспорт.

**Takeda Pharmaceuticals** е водечка фармацевтска компанија во Јапонија, насочена кон откривање и обезбедување терапии што го менуваат животот преку иновативни истражувања, силни партнерства и грижа фокусирана на пациентите. Во Северна Македонија, Takeda има за цел да ја зајакне соработката и да го прошири своето присуство во здравствениот и фармацевтскиот сектор.

**ITOCHU Corporation** е една од водечките јапонски компании за трговија и инвестиции со силно глобално присуство. Нејзините активности опфаќаат текстил, машини, метали, енергија, хемија, храна и големи инфраструктурни проекти. Со фокус на глобална трговија и стратешки инвестиции, ITOCHU е препознаена како моќен поврзувач на пазари преку силен синџир на снабдување и широка мрежа на подружници.

**Marubeni** е голем јапонски конгломерат со широко портфолио на инвестиции и трговија, кој работи низ целиот синџир на вредности – од развој на ресурси и производство, до логистика и малопродажба, преку стратешки партнерства и заеднички вложувања ширум светот. Компанијата има за цел да придонесе во регионот на Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија, преку унапредување на инфраструктурата (особено водоснабдување и канализација), храна и земјоделство, како и дистрибуција на висококвалитетни јапонски производи за животен стил.

**Takenaka Europe** е јапонска семејна градежна компанија со традиција од 400 години и повеќе од 50 години присуство во Европа. Компанијата обезбедува услуги „дизајн и изградба“ во 13 европски земји и има реализирано околу 1.500 проекти, комбинирајќи јапонски квалитет со европско искуство.

# АГЕНДА | 11 март 2026

---

**13:30 – 14:00 Регистрација**

**14:00 – 14:10 Поздравни обраќања**

- **Н.Е. Тимчо Муцунски**, министер за надворешни работи и надворешна трговија на Северна Македонија

- **Н.Е. Сецуко Кавахара**, амбасадорка на Јапонија во Северна Македонија

**14:10 – 15:30 – I | Претставување на јапонски компании**

- Г-дин Хироши Тани – **Mitsubishi Corporation**
  *Глобално разбирање преку бизнисот*

- Г-ѓа Милена Агирова – **Takeda Pharmaceutical**
  *Иновации за пациентите, поттикнати од технологијата: TAKEDA денес*

- Г-дин Огњан Досковиќ – **ITOCHU Corporation**
  *ITOCHU Corporation на Балканот од 1962 година*

- Г-дин Горан Леци – **Hitachi Energy**
  *Од иновација до одржливост – интегрирани енергетски и мобилни решенија за Северна Македонија*

- Г-дин Риоџи Кога – **Marubeni Corporation**
  *Правичност, иновации и хармонија*

- Г-дин Александар Нистров – **Nidec Mobility Corporation**
  *Глобален преглед на Nidec Mobility*

**15:30 – 16:00 – II | Успешни приказни: Бизнис соработка со Јапонија**

**Модератор: Н.Е. Сецуко Кавахара**, амбасадорка на Јапонија во Северна Македонија

- Г-дин Милан Станковиќ – **Hi-Tech Corporation**
- Г-дин Филип Дамјановски – **Termalift**
- Г-дин Тадаши Мураками – **JETRO, Виена**

**16:00 – 17:00 - III | Вмрежување**

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до **7 март 2026 година, петок**, со пополнување на пријавниот лист во прилог.

Tanja.Arbelska@mchamber.mk | Тања Арабелска-Рафајловска: 02 3244-019

За повеќе информации можете да се обратите и до:
contact@sk.mofa.go.jp **|** Аријан Шумковски: 076-363-603 **|** Бесар Беќир: 071-810-624